**Обраќање на министерката Славјанка Петровска на централната прослава по повод одбележувањето на 18 август – Денот на Армијата**

18.08.2023 – Воен стадион, Скопје

Почитуван Претседател на Републиката и Врховен командант Стево Пендаровски

Почитуван Претседател на Владата г. Димитар Ковачевски

Почитуван Потпретседателе на собранието г.Горан Мисовски

Почитуван Началник на Генералштабот на Армијата Генерал – потполковник Васко Ѓурчиновски,

Почитувани колеги членови на Владата, амбасадори, Дами и Господа,

Почитувани припадници на Армијата, вработени во Министерството,

Драги гости, пријатели на Армијата,

Ви благодарам што сте денес тука заедно да им искажеме почит и благодарност на сите припадници на македонската Армија и сите оние кои биле дел од нејзиното создавање.

Создавањето на нашата Армија, исто како и созадавањето на сите големи работи, не беше процес кој помина лесно и едноставно, без пречки на патот. Но, како нација во сето наше постоење, научивме дека во животот не постојат пречки кои треба да не запрат туку предизвици кои треба да се надминат- предизвици кои можеме да ги надминеме само заедно, доколку се попреме едни на други, како професионалци, како одговорни политичари, но пред се како луѓе.

Овој ден го одбележуваме  во спомен и слава на првиот партизански баталјон „Мирче Ацев“ кој точно пред осумдесет години на овој ден се конситуираше на падините на Славеј планина, како одраз на вековниот стремеж на македонскиот народ за државност и самостојност. Баталјонот „Мирче Ацев“ како прва формациска единица од ваков карактер беше првиот симбол и најава на македонската државност која потоа беше потврдена со првото заседание на АСНОМ.

На овој ден и историското наследство кое ни го оставија борците на првиот народноослободителен батаљон, се сеќаваме секој ден, посветено и неуморно работејќи на подобрување и унапредување на одбраната, условите за сите припадници на Армијата и нивните семејства, живеејќи во време на исклучителни предизвици. Нивната борба е нашиот аманет, и нивната жртва не беше залудна.

Членството во НАТО е веројатно најголемото признание што може да им го дадеме на околу двеста припадници, борци кои го основаа батаљонот „Мирче Ацев", но и на сите херои кои ги положија своите животи на браникот на слободата за време на втората светска војна во битката со фашизмот, заедно со многу партизани од цела Европа и сојузнички војски.

Покажавме дека сме достојни како нација, како држава и како Армија, да чекориме рамо до рамо, во најсилниот политички сојуз на денешницата. Покажавме дека нивните вредности ги живееме како свои и дека сме достојни наследници на нивната жртва и идеалите за кои се бореа, како што се слободата и солидарноста. Токму во име на тие идеали, во време на глобална криза, застанавме рамо до рамо со сите нации кои имаа од тоа потреба, бидејќи иако сме мала држава, ние сме луѓе со големи срца и тоа го покажавме и во Турција, и во Словенија, помагајќи им на нашите пријателски народи да се справат со последиците од природните катастрофи. Застанавме и во поддршка на украинскиот народ, сеќевајќи се дека не толку одамна, и нашите предци беа приморани да ја напуштат комоцијата на секојдневното живеење и да застанат во одбрана на се што им е свето. И помагме на Украина не затоа што мораме, туку затоа што тоа е единствениот начин да бидеме на вистинската страна на историјата.

Од сите историски случувања на кои сме сведоци, има многу лекции кои треба да се извлечат, но најважната е дека мирот и слободата не смееме никогаш да ги земеме здраво за готово, туку мора да останеме подготвени и будни, со надеж дека никогаш нема да има потреба да ги одбраниме, но во секој момент да бидеме подготвени да ги одвратиме заканите по идеалите врз кои почива нашето општество и темелите на државата кои ни се оставени во наследство. Токму затоа, интензивно инвестираме во одбраната, во одбранбените ресурси, во капиталните ресурси но и во Армија, бидеќи вработените во одбраната и Армијата, пензионерите од Армијата и питомците кои се идни офицери на

Армијата, се потпорната точка на сите лостови со кои секојдневно се покрева стандардот и готовноста на нашата Армија. Им благодарам на сите нив, и на сите вас што сте денес тука бидејќи сите имате свој допринос за она што сме ние денес.

Дозволете да им честитам на сите унапредени, пофалени и наградени припадници на Армијата особено на оние кои денес ќе бидат одликувани.

Почитувани припадници на македонската Армија, вработени во одбраната ќе ви се обратам и вам.

Секогаш кога зборувам за вас, зборувам со гордост и почит, за се што сте направиле и за се што правите за нашата држава за секој граѓанин на Македонија и за секој граѓанин на светот и тоа го правите храбро и одлучно, без двоумење и без калкулации за вашите животи и вашите позиции, на овај ден посакувам вашата храброст и одлучност да се прелее и кај сите нас кои имаме потреба и носиме одлуки и треба да носиме одлуки во име на граѓаните а за доброто на државата. Затоа што вистинските партиоти како вас државата ја сакаат со дела, а не со зборови.

Им благодарам и на нашите стратешки партнери, поддржувачи и сојузници за поддршката и довербата. Застаневме рамо до рамо, со најмоќните нации на светот, докажувајќи дека сме достојни на заветот на илинденците од двата илиндена, дооформуваќи го сонот на Методија Андонов Ченто и Ќиро Глигоров, кој еднаш кажа дека оваа земја е се што имаме, а Армијата е нејзиниот светилник, без оглед дали плови низ бура или по мирни води.

Нека ни е честит Денот!

Да живее Армијата!